## ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ

**Час:** 1
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 5 - запознавање со информатички концепти преку решавање на логички натпреварувачки задачи
**Наставна содржина:** Решавање и анализа на решенија на логички натпреварувачки задачи и анализа на поврзаноста на задачата со концепти од компјутерската наука (информатички концепти)
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да се запознае со различни логички натпреварувачки задачи и начинот на нивното решавање
**Очекувани резултати:** Решава различни логички натпреварувачки задачи
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка, индивидуална работа
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, метод на демонстрација
**Наставни средства:** Компјутер, LCD проектор, тетратка
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, решава задачи

## ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ

**Воведна активност:** Разговараме за проблеми поврзани со програмерското размислување. Во нивното решавање треба:
- да го разбиеме проблемот на поедноставни проблеми
- да ги воочиме шемите
- логично да ги подредиме познатите податоци
- да примениме алгоритамско размислување по точно определен редослед

Со учениците разговараме за редоследот што е многу важен при извршување на одредена задача.
**Учечко – поучувачки активности:** Наставникот на LCD проектор ја презентира задачата: еден продавач на сладолед на едно дете му направил сладолед со три вкуса, како на сликата:




Како треба детето да му каже на продавачот, за да добие сладолед како на сликата:

Сакам сладолед од:
А) чоколадо, лешник и јагода
Б) јагода, лешник и чоколадо
В) чоколадо, јагода и лешник
Г) јагода, чоколадо и лешник

АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ
Ја решаваат задачата и усно ги образложуваат одговорите. Очекуван одговор би бил: прво треба да се стави оној тип сладолед што е најблизу до корнетот – јагода, потоа треба да се стави сладолед од лешник и најгоре треба да се стави сладолед од чоколадо. Точен одговор би бил под Б).

**Активности за евалуација:** Дискусија за решената задача:
- дали задачата ви е сосема јасна?
- што ве збуни во неа?
- дали задачата ви беше интересна?

obrazovanie.literatura.mk